ШТИП
ASTIBO

# ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-282*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**
Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/

Границите на опфатот се движат по:

– од север опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана собирна улица "6";

– од исток опфатот е дефиниран по осовина новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов";

– од југ опфатот е дефиниран по осовина на река Брегалница;

– од запад опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана градска магистрала "1"

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 304347,66m2.

Јавната анкета и јавната презентација за Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам,

печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 27 мај 2025 (вторник) до 25 јуни 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12 јуни (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*